**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети, дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи**:

1. *Што претставува Антифунгол и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го употребите Антифунгол*
3. *Како да го употребувате Антифунгол*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Антифунгол*

**Antifungol / Антифунгол 10 mg / 1 g крем**
CLOTRIMAZOLE

Активна супстанција: клотримазол.
Помошни супстанции: бензил алкохол, цетил палмитат, цетостеарил алкохол, течен парафин, полисорбат 60, сорбитан моностеарат, прочистена вода.

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет: Лек Скопје ДООЕЛ, „Перо Наков“ бр.33, Скопје, Р. Македонија.

Име и адреса на производителот: Salutas Pharma GmbH, Otto-von-Guericke-Allee 1, 39179, Барлебен, Германија; Salutas Pharma GmbH, Остервединген, Германија.

**1. Што претставува Антифунгол и за што се употребува**

Еден (1) g крем содржи 10 mg клотримазол.

Содржина на пакувањето:
Кутија со алуминиумска туба која содржи 50 g Антифунгол 1% крем.
Антифунгол се користи за лекување на габични инфекции на кожа како

тинеа, атлетско стапало, габичен исип од пелени, габичен исип од пот. Антифунгол исто така се користи за олеснување на иритација на вулвата (надворешен исип) или иритација на пенисот, кои се поврзани со габична инфекција.

**Доколку не сте сигурни дали Вие (или Вашето бебе доколку го третирате за габичен исип од пелени) имате габична инфекција на кожа, побарајте совет од Вашиот лекар или фармацевт**.

Активната супстанција во Антифунгол е клотримазол. Клотримазол припаѓа на група на лекови наречени имидазоли и е антифунгален препарат, кој се користи за третирање на причината за настанување на габична инфекција на кожа.

**2. Што мора да знаете пред да го употребите Антифунгол**

**Немојте да употребувате Антифунгол:**
- Ако Вие (или Вашето бебе, доколко го третирате за габичен исип од пелени) сте пречувствителни на клотримазол или на било која од помошните состојки на лекот, вклучувајќи цетостаеарил алкохол.

**Бидете особено внимателни со Антифунгол:**
- Истовремена употреба на кремот Антифунгол и латекс-производите за контрацепција (на пример, кондом, дијафрагма) може да доведе до намалена ефективност и со тоа да се намали сигурноста на овие производи. Користете алтернативни видови на контрацепција и до пет дена после користењето на овој препарат.

*Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас кога било во минатото.*

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Доколку сте бремени, доите или планирате бременост, консултирајте се со Вашиот лекар или акушерка пред употреба на кремот Антифунгол. Следете ги неговите/нејзините инструкции внимателно.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Важни информации за некои составни компоненти на Антифунгол**
Лекот содржи цетостеарил алкохол кој може да предизвика локални иритации на кожата (на пример: исип, чешање или црвенило).

**Употреба на други лекови**
Ве молиме да имате предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале кој било друг лек, дури и оние што не се на лекарски рецепт.

## 3. Како да го употребувате Антифунгол

Строго придржувајте се на упатствата од лекарот. Не смеете да ги менувате дозите или да го прекинувате лекувањето без да се посоветувате со лекар.

- Ако со Антифунгол се лекува инфекција на стапало, потребно е стапалата добро да се измијат и да се избришат (особено меѓу прстите), пред нанесување на кремот.
- Кремот Антифунгол се нанесува на заболената кожа во тенок слој, два до три пати на ден и нежно се втрива.
- За заболено место колку што е површината на дланка доволна е мала количина (да се истисне приближно ½ cm од кремот).
- Должината на лекувањето зависи од типот на инфекцијата и има различно времетраење. Обично минимум времетраење на терапијата е две недели, иако некогаш е потребно и до четири недели.
- Доколку имате атлетско стапало, може да помогне и користење на антифунгален препарат во прав. Замолете го Вашиот лекар или фармацевт да Ви препорача.

Симптомите на инфекција на кожа, како чешање, би требало да исчезнат после неколку денови од почетокот на третманот, иако за симптомите како црвенило и лупење, потребно е повеќе време. Доколку нема подобрување на симптомите после четири недели, консултирајте се со Вашиот лекар.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Кремот Антифунгол се користи само за надворешна употреба . **Не го употребувајте кремот во уста и не го голтајте.** Доколку кремот случајно се проголта, веднаш известете го Вашиот лекар, или одете во најблиската болница.  Избегнувајте контакт со очи. Доколку случајно дојде во контакт со очи, измијте ги очите со вода и контактирајте го Вашиот лекар.

*Ако имате впечаток дека ефектот на Антифунгол е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

Можете да помогнете третманот да делува доколку ги следите овие едноставни совети:

- Иако инфекцијата ќе Ве чеша, пробајте да не се чешате. Чешањето ќе ја оштети површината на кожата, што ќе доведе до ширење на инфекцијата.
- Чувајте ја инфицираната површина чиста.
- Обрнете посебно внимание на сушење на кожата, но одбегнувајте нејзино триење.
- Не ги споделувајте Вашите крпи со други луѓе, бидејќи на тој начин можете да ја пренесете инфекцијата.
- Секогаш мијте ги рацете после третирање на инфекцијата, за да спречите нејзино проширување.

Доколку имате атлетско стапало:

- Запомнете темелно да ја исушите кожата помеѓу прстите.
- Темелно перете ги Вашите чорапи со врела вода за да избегнете ширење на инфекцијата и габични спори.
- Доколку е возможно секојдневно менувајте ги Вашите обувки.

**Ако сте употребиле поголема доза од Антифунгол отколку што треба**
*Ако сте употребиле поголема доза од Антифунгол отколку што е потребно, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте заборавиле да употребите Антифунгол**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*
Аплицирајте го кремот што е можно побрзо и продолжете со терапијата како и обично.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**4. Можни несакани дејства**

*Како и сите лекови, така и кремот Антифунгол може да предизвика несакани дејства.* Доколку Вие или Вашето бебе сте алергични на лекот, реакција ќе се појави брзо после првото користење. Доколку се појави алергиска реакција, престанете со користење на лекот и веднаш известете го Вашиот лекар или одете до најблиската болница.

Знаци на алергиска реакција вклучуваат:

- Исип;
- Проблеми со голтањето или дишењето;
- Оток на устата, лицето, грлото или јазикот;
- Слабост, вртоглавица и несвестица;
- Гадење;

После нанесувањето на кремот може да осетите:

- Чешање, исип, печење, плускавци, оток, иритација, црвенило, дискомфорт или лупење на кожата.

*Ако забележите какви било несакани дејства што не се спомнати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

***Пријавување на несаканите дејства***

Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.
Со пријавување на несаканите дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.

**5.Чување и рок на употреба на Антифунгол**

Нема посебни упатства за чување.
По отворање кремот е стабилен шест месеци.

**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба, односно по датумот што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број на одобрението за ставање на лекот во промет:**

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено:*
Февруари 2018

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •